# Изјава за заштита на податоците за употреба на мобилните онлајн-услуги на Volkswagen AG (Car-Net, We Connect и VW Connect) и за собирањето податоци заради создавање анонимна база на податоци со цел развој на автоматизирано возење во Дел III

(Од: март 2024 година – актуелната верзија можете секогаш да ја најдете онлајн на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/carnet/mk/mk/dataprivacy/latest/html)

Оваа „Изјава за заштита на податоци" ве информира за правата во поврзаност со обработката на личните податоци и правните основи врз кои вашите лични податоци се обработуваат од страна на Volkswagen AG во поврзаност со употребата на онлајн-услугите („Car-Net", „We Connect" и „VW Connect"). Не се однесува на употребата на мобилните онлајн услуги во возила од ID. фамилијата. „Изјавата за заштита на податоците" за користењето на „VW Connect " во возила од ID. фамилијата може да ја најдете на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/weconnect/mk/mk/dataprivacy/latest/html.

Како германска компанија, Volkswagen AG е обврзана од германското право и Регулативата (EU) 2016/679 на Европскиот Парламент и Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица при обработка на лични податоци, за слободно движење на податоците и за отповикување на Директивата 95/46/EG (Општа регулатива за заштита на податоците) („DSGVO "). Ова се применува и ако Volkswagen AG ги обработува личните податоци на лицата што имаат постојано живеалиште во Германија. Информациите што се задолжителни според германското право и DSGVO за обработката на релевантните податоци може да се најдат во овој **Дел I** од „Изјавава за заштита на податоци".

Освен тоа, можно е до одредена мера Volkswagen AG да е обврзана со националните закони на други земји. Лицата со постојано живеалиште во некоја од земјите наведени во **Дел II** од „Изјавава за заштита на податоци" таму можат да најдат дополнителни информации.

## Содржина:

### Дел I:

**A. Општи информации за обработката на личните податоци**
I. Одговорно лице за обработката на податоците
II. Службено лице за заштита на податоците
III. Целта на обработката на податоците што произлегуваат од употребата на мобилните онлајн-услуги
IV. Проценка заради создавање извештаи во рамките на Volkswagen AG
V. Анализа и сегментирање за подобрено рекламирање
VI. Бришење и корекција на податоците
VII. Примател на податоци

**В. Вашите права**
I. Право на добивање информации
II. Право на корекција
III. Право на бришење
IV. Право на ограничена обработка
V. ПРАВО НА ПРИГОВОР
VI. Право на преносливост на податоците
VII. Право на повлекување
VIII. Право на жалба

**В. Детално за обработката на податоците**
I. Volkswagen ID
II. Volkswagen Ident
III. Обработка на податоците при употребата на мобилните онлајн-услуги
IV. Портфолио на услуги

# Дел I Информации според Општата регулатива за заштита на податоци

## А. Општи информации за обработката на личните податоци

## I. Одговорно лице за обработката на податоците

Volkswagen AG (понатаму како „ние“ или „нас“) е лицето одговорно за обработката на личните податоци.

Volkswagen AG може да се контактира на:
Volkswagen AG
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија
Тел.: +49 - 5361 - 9 - 0
connect-support@volkswagen.de

Трговски регистар бр. HRB 100484 (Основен суд Брауншвајг)

## II. Службено лице за заштита на податоците

Нашето службено лице за заштита на податоците ви стои на располагање како контакт за сите прашања поврзани со заштитата на податоците и за повикување на засегнатите права (видете ја секцијата В, „Вашите права“).

Упатете ги барањата до:

Службено лице за заштита на податоците на Volkswagen AG
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија
dataprivacy@volkswagen.de

За повикување на засегнатите права можете да ги користите адресите на е-пошта info-datenschutz@volkswagen.de (Германија) и privacy@volkswagen.de (надвор од Германија) или нашиот портал за заштита на податоци на Volkswagen https://www.datenschutz.volkswagen.de.

# III. Целта на обработката на податоците што произлегуваат од употребата на мобилните онлајн-услуги

## 1. Склучување и извршување на договорот за мобилни онлајн-услуги

**• Склучување договор**

Личните податоци на нашите клиенти, како адресата на е-пошта, лозинката, S-PIN, името и, ако е применливо, податоците за плаќање, коишто ни ги приложуваа во поврзаност со регистрација за мобилните онлајн-услуги, ги обработуваме со цел склучување и спроведување на договорот за мобилни онлајн-услуги (член 6, став 1, точка b од DSGVO).

Добиените податоци за фактура и плаќање во поврзаност со идентификацискиот број на возило (VIN) ги обработуваме за целите на прецизно сметководство и спречување измами. Правната основа за обработката на податоците за овие цели се нашиот легитимен интерес и нашите обврски за прецизно сметководство (член 6, став 1, точка f од DSGVO).

Со цел подобрување на употребливоста и гарантирање на непречената функционалност, како и дополнително развивање на процесот на активација на мобилните онлајн-услуги за возило, вршиме проценка на следните податоци:

• Псевдонимизираната корисничка идентификација, која се генерира со алгоритам за псевдонимизација како комбинација од кориснички идентификациски број и идентификациски број на возилото.
• Информатички податоци од употребата, коишто произлегуваат во рамките на процесот на активирање и дозволуваат извлекување заклучок за процесот и статусот на активирање.

Опишаната обработка на податоците се изведува врз основа на нашиот легитимен интерес да им понудиме новоразвиени и подобрени производи и услуги (член 6, став 1, точка f од DSGVO) на нашите клиенти и потенцијални клиенти.

**• Обработка на податоците при употреба на мобилните онлајн-услуги**

Ако се користи возилото со активирани мобилни онлајн-услуги, ги обработуваме личните податоци добиени од возилото со цел да ги овозможиме услугите, тогаш кога е потребно.

Ако корисник на возилото е најавен во возилото како главен корисник, дополнителен корисник или корисник-гостин, ги обработуваме личните податоци за да ги исполниме нашите договорни обврски (член 6, став 1, точка b од DSGVO). Мобилните онлајн-услуги може да се користат без најавување на сопствена сметка во возилото. За да го направите тоа, треба да го префрлите возилото во онлајн режим во поставките. Откако ќе се направи тоа, личните податоци на корисникот на возилото ќе се обработат во зависност од избраната поставка за приватност. Обработката на податоците се одвива врз основа на нашите легитимни интереси да ги овозможиме мобилните онлајн-услуги во возилото согласно договорот (член 6, став 1, точка f од DSGVO). Информации за поставките за приватност и корисничкиот модел може да се најде во делот „C. Детално за обработката на податоците“ под „III. 1. Ограничување на обработката на податоците и управување со услуги“ и „III. 2. Кориснички модел“.

При употребата, се обработуваат идентификацискиот број на возилото (VIN), IP-адресата, вклучително податоците за СИМ картичка на возилото, како и внатрешниот идентификациски број на корисник на Volkswagen (ако има). Кои податоци се обработуваат дополнително на ова, како и информации за поставките за приватност, корисничкиот концепт и поединечните кориснички улоги, можете да се дознаат во делот „C. Детално за обработката на податоците“ во „III. 1. Обработка на податоците при употребата на мобилните онлајн-услуги“.

Корисниците коишто се регистрирале за мобилните онлајн-услуги со својата Volkswagen ID можат да се најавуваат во кое било возило од Volkswagen AG кое поддржува употреба на услуги („корисник-гостин“) за да ги персонализираат поставките (пр. поставки за седиштето). Гостите-корисници можат да се најавуваат во возилата без активирани мобилни онлајн услуги за да ги вчитаат своите персонализирани поставки во возилото. Во таков случај, ги обработуваме идентификацискиот број на возилото (VIN) и IP-адресата на возилото. Обработката е потребна заради функционалноста на мобилните онлајн-услуги. Таа се спроведува согласно член 6, став 1, точка f од DSGVO врз основа на нашите легитимни интереси за извршување на договорот за мобилни онлајн-услуги на корисникот-гостин.

Услугата „Систем за итен повик eCall“ стои на располагање во возилото и кога не се купени мобилни онлајн-услуги за возилото. Обработката на податоците за овозможување на овие онлајн-услуги се одвива затоа што сме законски обврзани и со цел заштита на суштинските интереси (член 6, став 1, точка c од DSGVO во поврзаност со член 5, став 1 од Регулативата (EU) 2015/758 на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2015 година за барањата за типот одобрение за вовед на системот eCall во возила базиран врз итни повици до 112 и за промена на Директивата 2007/46/EG; член 6, став 1, точка d од DSGVO).

## 2. Техничка достапност и безбедност на мобилните онлајн-услуги

Возилото обично се поврзува со серверот за податоци на Volkswagen пред тоа да биде предадено од страна на продавачот (а најдоцна кога возилото има поминато 25 километри) со цел ажурирање на софтверските сертификати и регистрација на возилото на серверот за податоци на Volkswagen. Притоа, се обработува километражата на возилото, како и идентификацискиот број на возило (VIN). Тој процес на ажурирање гарантира дека мобилните онлајн-услуги се подготвени за активирање, дека услугите се веќе достапни во возилото без склучување на договор за мобилни онлајн-услуги и дека функционира законски задолжителната функција „Систем за итен повик eCall“. Ако непосредно пред да започне ажурирањето поставките за приватност во возилото биле поставени на „Максимална приватност“, возилото автоматски ќе ги врати поставките на вашето ниво на приватност откако ќе заврши со ажурирање. Обработката на податоците се изведува со цел извршување на купопродажниот договор за возилото со можности за поврзување со интернет, којшто е склучен помеѓу купувачот на возилото и продавачот, како и поради нашите законски обврски да овозможиме „Систем за итни повици eCall“ (член 6, став 1, точка b и член 6, став 1, точка c од DSGVO).

За да можеме технички да ги овозможиме услугите по активацијата (особено за автентикација на возилото и за воспоставување безбедна врска помеѓу возилото, корисникот и серверот за податоци на Volkswagen), се обработуваат VIN, IP-адресата, вклучително податоците за СИМ картичката на возилото, како и внатрешниот идентификациски број на корисник на Volkswagen. Тоа се користи за јасна идентификација на корисникот на возилото и за да можеме да провериме дали е овластен за употреба на одредените услуги во возилото. Целта е спречување пристап до услугите од страна на неовластени лица. Обработката на податоците се одвива со цел овозможување на услугите (член 6, став 1, точка b од DSGVO) и потребна е со цел автентикација на возилото и остварување безбедна комуникација помеѓу возилото, односно корисникот на возилото и серверот за податоци.

Освен тоа, времето во системот на возилото се синхронизира со времето на серверот за податоци. Обработката на податоците се одвива врз основа на нашите легитимни интереси да загарантираме информатичка безбедност на мобилните онлајн-услуги. За да ја провериме важноста на сертификатите што се испраќаат од возилото за безбедна комуникација, возилото мора да го има точното време. Само на тој начин може да се овозможи безбедна комуникација со серверот за податоци и да се спречат сајбер-нападите од трети страни. Податоците се обработуваат со цел извршување на купопродажниот договор за возилото со можности за поврзување со интернет, којшто е склучен помеѓу купувачот на возилото и продавачот и, ако е потребно, за започнување, односно извршување на договорот за мобилните онлајн услуги (член 6, став 1, точка b од DSGVO).

Освен тоа, се создаваат датотеки на дневник со бројот VIN, IP-адресата, временскиот печат и, ако е потребно, информациите за грешката и потоа тие се евалуираат за да може навремено да се откријат и елиминираат грешките, техничките дефекти и безбедносните закани. Обработката на податоци се базира на надредениот легитимен интерес да се загарантира интегритетот, достапноста и отпорноста на системите на возилото и оттаму безбедноста на возилото (член 6, став 1, точка f од DSGVO). Во случај на препознаена грешка, ако треба ги обработуваме и вашите податоци за контакт што ги имаме кај нас во случај да треба да ве контактираме.

Податоците се обработуваат со цел извршување на купопродажниот договор за возилото со можности за поврзување со интернет, којшто е склучен помеѓу купувачот на возилото и продавачот и, ако е потребно, за започнување, односно извршување на договорот за услугите „VW Connect“ (член 6, став 1, точка b од DSGVO).

## 3. Идентификациска процедура

Пред првичната употреба на одредени мобилни онлајн-услуги, коишто овозможуваат пристап до возилото и/или предупредувачките сигнали на возилото, како на пример „Заклучување и отклучување“, еднократно се изведува процес на идентификација. Личните податоци што сте ни ги дал клиентот се споредуваат со податоците од документот за идентификација. Се праќаат информации за овој процес однапред. Податоците ќе бидат обработени само откако ќе биде дадена изречна согласност од страна на клиентот во согласност со (член 6 став 1 точка а од DSGVO) и (член 9 став 2 точка А од DSGVO) кога се обработуваат посебни категории на лични податоци, како и заради активирање на соодветните мобилни онлајн услуги.

Детали за ова можете да пронајдете во секцијата „C. Детално за обработката на податоците“ во дел „II. Volkswagen Ident“.

## 4. Консултации и корисничка поддршка (Customer-Care)

Информации за совети во врска со корисничката поддршка ќе најдете онлајн во „Изјавата за заштита на податоци за користењето на Customer Interaction Center (CIC)“. Може да ги најдете на https://cic-legal.volkswagen.com.

Центарот за корисничка поддршка може да контактира поединечни клиенти ако е потребно за имплементирање на договорот за „Car-Net“, „We Connect“ или „VW Connect“. Податоците за контакт зачувани кај нас ќе се обработуваат заради извршување на договорот (член 6, став 1, точка b од DSGVO).

## 5. Консултации и корисничка поддршка (Сервисен партнер/трговец)

*Важи само за клиентите во Германија:*

За кориснички ориентирана поддршка како дел од нашите мобилни онлајн услуги, може да контактирате со вашиот партнер на Volkswagen (сервисен партнер и/или дилер), кој ќе ја преземе корисничката поддршка за Volkswagen AG во овој контекст. За таа цел, следниве податоци, меѓу другото, ќе бидат пренесени до партнерот на Volkswagen и обработени од него како обработувач на нарачки: податоци за договорот, презиме, име, Volkswagen ID (е-пошта), податоци за VIN и возилото, статус на верификација, статус на корисник (главен корисник да/не), закажување сервис (активна/неактивна услуга), претпочитан партнер за услуги (избрана/неизбрана услуга), како и други податоци што ни ги доставувате како дел од вашето барање. Податоците ги обработуваме според член 6, став 1, точка b од DSGVO со цел извршување на договорот за мобилните онлајн услуги или – ако сè уште не сте корисник – за отпочнување на договорот за користење на мобилните онлајн услуги.

## IV. Проценка заради создавање извештаи во рамките на Volkswagen AG

Ги обработуваме податоците за возилото и за купените дигитални производи, како и за употребата на услугите во возилото.

Обработката се одвива заради

• Подобрување на корисничката поддршка
• Контрола на продажба
• Прецизно сметководство
• Надгледување производи, анализа на грешки, имплементација на корективни мерки поради грешки и исплаќање фер-компензации на корисниците
• Подобрување на производот
• Деривација на маркетиншки мерки
• Плаќање провизии на увозници и продавачи
• Исплаќање на давателите на услуги што ги користиме за мобилните онлајн-услуги

По извршување на проценките, податоците се ставаат на располагање на одговорните оддели во Volkswagen AG до онаа мера до којашто е потребно (и во анонимна форма колку што е тоа возможно).

**Лични податоци:**
• Идентификациски број на возилото (VIN)
• Корисничка идентификација
• Информации за купените производи (број на артикл, статус на активација, датум на активација, времетраење, земјата избрана за регистрација, начин на плаќање)
• Информации од дневникот на активности за услужните повици
• Информации за опремата на возилото
• Видот на корисник (приватен или деловен корисник)
• Статус на согласноста за маркетинг
• Информации дали е наведен претпочитан сервисен партнер

**Правна основа:** член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимен интерес: управување со деловниот модел на мобилните онлајн-услуги, како и зголемување на искуството на корисниците во рамките на горенаведената намера)

**Друг примател на податоци:** CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 Wolfsburg, Германија

## V. Обработка заради маркетинг

Важи за клиентите во Германија:

Volkswagen AG постојано се стреми да ги снабдува клиентите со информации кои се лично приспособени што е можно повеќе заради подобро рекламирање на своите производи и услуги. За тоа, потребна е доброоснована анализа на користењето на производите и услугите. Ако клиентот не дал согласност, Volkswagen AG ќе ги обработува податоците од вашата корисничка сметка Volkswagen ID и од мобилните онлајн услуги. Детали за оваа обработка на податоци (на пример, кои податоци ќе бидат обработени на кој начин) ќе најдете во „Изјавата за заштита на податоци“ на Volkswagen ID на https://vwid.vwgroup.io/data-privacy.

Важи за клиентите во другите земји, каде што се користат мобилни онлајн услуги, со исклучок на Германија:

Volkswagen AG постојано се стреми да ги снабдува клиентите со информации кои се лично приспособени што е можно повеќе заради подобро рекламирање на своите производи и услуги. За да ја постигне таа цел, потребна е доброоснована анализа на користењето на производите и услугите (аналитика). Од таа причина Volkswagen AG ги обработува податоците од корисничката сметка Volkswagen ID и од мобилните онлајн услуги, на пр.,

• податоци за идентификација (на пример, име, е-пошта, телефонски број и идентификациски број на возило ако е потребно)

• податоците за корисничката сметка (на пример, претпочитан партнер)

• податоците за трансакции (на пример, договорени термини)

• податоците за користењето на возилото (на пример, евиденција на возењето, ниво на течности, километража)

• договорните податоци (на пример, опрема на возилото, тековни договори со поврзани услуги)

• ИТ-податоците (на пример, последни најавувања на услугите, користење на функциите)

• податоците за локацијата (на пример, скратени GPS-податоци)

Во случај на зачувани возила, Volkswagen AG го обработува идентификацискиот број на возилото и ги збогатува податоците наведени горе со дополнителни податоци за опремата на возилото и формира сегменти. Овие сегменти и необработените податоци се пренесуваат од Volkswagen AG до продажната компанија (увозникот) одговорен за соодветната земја заради подобрено рекламирање.

Обработката на опишаните податоци се заснова на согласноста што ја дал клиентот (член 6, став 1, точка А од DSGVO) во персонализирана реклама на Volkswagen AG. Ако клиентот не се согласува со ова, неговите податоци нема да бидат обработени за наведената намера.

Volkswagen AG ги брише персонализираните податоци по 5 години во согласност со законските барања, на пример, штом намерата за која биле собрани веќе не важи и само ако не постојат други обврски со кои бришењето се доведува во конфликт.

Други информации околу анализата на податоците од клиенти за подобрување на рекламирањето и согласноста за рекламирање од Volkswagen AG и за согласноста за рекламирање од продажната компанија (увозникот) одговорна за вашата земја, погледнете ги деталните податоци на „Изјавата за заштита на податоци“ за Volkswagen ID. Може да ги најдете на https://vwid.vwgroup.io/data-privacy.

## VI. Бришење и корекција на податоците

Штом веќе нема да има потреба од личните податоци за целта или за целите за кои тие биле првично собрани, тие ќе бидат избришани, освен ако бришењето е забрането со закон.

Исто така, нашите клиенти можат кога било да ги коригираат податоците што ги внеле во поставките на Volkswagen ID – ако создале.

## VII. Прималел на податоци

### 1. Сервер за податоци

Зависно од моделот и опремата, податоците може да се обработуваат на серверите на следните даватели на услуги во наше име и согласно нашите упатства:

CARIAD SE
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија

Audi AG
Auto-Union-Straße 1
85057 Ingolstadt
Германија

Amazon Web Services, Inc. („AWS“)
410 Terry Ave. North
Seattle WA 98109
САД

Amazon Web Services EMEA SARL
Avenue John F. Kennedy 38
1855 Luxemburg

Microsoft Ireland Operations Limited
One Microsoft Place
South County Business Park
Leopardstown
Dublin 18
D18 P521
Ирска

### 2. Даватели на услуги за ИТ-поддршка

Користиме и разни даватели на услуги за ИТ-поддршка што се наоѓаат во и надвор од ЕУ. Тие нѐ поддржуваат, на пример, преку оддржување на нашите информатички системи и ни овозможуваат техничка поддршка. Кога давателите на услуги имаат пристап до личните податоци, ти ги обработуваат само на наше барање и согласно нашите упатства.

ИТ-поддршката се добива особено од следниве даватели на услуги:

CARIAD SE
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија

Volkswagen Infotainment GmbH
Rensingstraße 15
44807 Bochum
Германија

### 3. Други мобилни онлајн услуги на корисникот на возилото

Со одредени услуги може на корисниците на возилото да им се доделат улогите на главен корисник и дополнителен корисник со цел да имаат пристап до одредени податоци за употребата на возилото (ако е потребно и податоците за позицијата на возилото) преку нивната лична сметка во веб-прелистувачот и/или апликацијата „Volkswagen“. За да се спречи пристап, корисникот на возилото може да ги деактивира соодветните услуги во поставките. Исто така, обработката на овие податоци корисникот на возилото може да ја ограничи преку поставките за приватност. Детални информации за поставките за приватност може да се најде во делот „C. Детално за обработката на податоците, III. Обработка на податоците при употребата на мобилните онлајн-услуги“ под точка „1. Ограничување на обработката на податоците и управување со услуги“ и точка „2. Кориснички модел“. Детални информации за обработката на податоците во рамките на поединечните услуги ќе најдете во делов „IV. Портфолио на услуги“.

### 4. Други приматели

Преносот на личните податоци и/или податоците за возилото на трети лица се одвива само ако е тоа потребно за подобрување на нашето онлајн присуство или за обработка на договори, а особено за овозможување на мобилните онлајн-услуги. Во однос на преносот на податоците кај трети лица како дел од овозможување на поединечните мобилни онлајн-услуги, погледнете ја секцијата „C. Детално за обработката на податоците“.

### 5. Приматели со седиште во трети земји

Заради целите наведени во оваа „Изјава за заштита на податоци“, Volkswagen AG исто така ги пренесува личните податоци и кај приматели и обработувачи што се наоѓаат надвор од ЕУ. За да се загарантира соодветно ниво на заштита на личните податоци, Volkswagen AG склучува стандардни договорни клаузули на ЕУ со приматели во несигурни трети земји. Употребените стандардни договорни клаузули на ЕУ на јазиците на ЕУ може да се најдат на следната адреса https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32021D0914y.

Освен тоа, се преземаат дополнителни мерки на претпазливост ако се бара со законите на сила (на пример, шифрирање и дополнителни договорни регулативи) за да се загарантира соодветно ниво на заштита за личните податоци.

### 6. Законски барања и разоткривање податоци

Сè додека постојат законски регулативи, обврзани сме да ги разоткриеме податоците што ги чуваме до онаа мера потребна според барање на владините агенции (на пример, при испитување криминални прекршоци). Правната основа за префрлувањето на податоците кај соодветната владина агенција е законска обврска (член 6, став 1, точка c од DSGVO во поврзаност со соодветната законска обврска).

## В. Вашите права

Можете во секое време да се повикате на вашите права во однос на Volkswagen AG без надоместок.

Ако користите возило за коешто мобилните онлајн-услуги се активирани од страна на главниот корисник без најава со сопствената Volkswagen ID, тогаш не сме во можност да ве идентификуваме кога го користите возилото. Ако се повикате на правата што му следуваат на субјектот чии податоци се обработуваат, тогаш ќе мораме да го провериме вашиот идентитет и ако е потребно да побараме дополнителни информации или појаснувања (особено информации за периодот или околностите на употреба на возилото). Овие дополнителни информации може да ги побараме за да можеме да ги идентификуваме личните податоци што се однесуваат на вас и да можеме да ви ги ставиме на располагање. Притоа, мораме да се осигуриме дека не ги нарушуваме првата на другите сопственици на возилото кога ги предаваме личните податоци.

Повеќе информации за искористувањето на вашите права можете да најдете на веб-страницата https://datenschutz.volkswagen.de/.

# I. Право на добивање информации

Имате право да побарате од нас потврда за тоа дали и – ако да – кои лични податоци за вас ќе бидат обработувани и на кои трети страни ќе бидат испратени во рамките или надвор од рамките на ЕУ. Освен тоа, имате право и да добиете копија од вашите лични податоци што сме ги обработувале.

# II. Право на корекција

Имате право да побарате корекција на неточните или нецелосните лични податоци што се однесуваат на вас.

# III. Право на бришење

Имате право да побарате бришење на вашите податоци ако не се исполнети условите наведени во член 17 од DSGVO. Потоа, можете, на пример, да побарате бришење на вашите податоци ако повеќе не се потребни за целите за коишто биле собрани. Можете и да побарате бришење на податоците ако ги обработуваме врз основа на вашата согласност со тоа што ќе ја повлечете таа согласност.

# IV. Право на ограничена обработка

Имате право да побарате ограничена обработка на вашите податоци ако се исполнети условите во член 18 од DSGVO. Таков случај може да биде, на пример, кога ја оспорувате прецизноста на вашите податоци. Потоа, можете да побарате ограничување на обработката за времетраењето на верификацијата на прецизноста на вашите податоци.

# V. ПРАВО НА ПРИГОВОР

**Имате право да поднесете приговор против обработката на вашите лични податоци во следните случаи:**

- **ако обработката се изведува за целите на директен маркетинг (вклучително профилирање за целите на директен маркетинг).**
- **ако обработката (вклучително профилирањето) се заснова врз една од следните правни основи:**
  - **обработката е потребна за изведба на задача која е од јавен интерес или со која нѐ задолжиле официјалните власти (член 6, став 1, точка e од DSGVO).**
  - **Обработката е неопходна за заштита на нашите легитимни интереси или интересите на трета страна (член 6, став 1, точка f од DSGVO). Во случај на приговор, ќе побараме од вас да ги наведете причините за таквиот приговор кон обработката на податоците. Во случај на приговор, веќе нема да ги обработуваме вашите податоци, освен ако можеме да докажеме убедливи легитимни основи за обработка кои ги надминуваат вашите интереси, права и слободи или обработката служи за потврдување, остварување или одбрана на правни побарувања.**

## VI. Право на преносливост на податоците

Ако обработката на податоците се заснова врз согласност или исполнување договорни обврски и тоа се изведува преку автоматизиран процес, имате право да ги добиете вашите податоци на структуриран и вообичаен формат, којшто може да се чита машински, но и право да ги пренесете кај друго одговорно лице. Освен тоа, имате право да побарате вашите лични податоци да ги испратиме директно кај друго одговорно лице.

## VII. Право на повлекување

Ако обработката на податоците се заснова врз согласност, имате право да ја повлечете согласноста бесплатно кога било со ефект во иднината преку е-пошта на info-datenschutz@volkswagen.de (Германија); privacy@volkswagen.de (надвор од Германија), преку нашиот портал за заштита на податоци на Volkswagen https://www.datenschutz.volkswagen.de или преку податоците за контакт наведени во „Импресум“.

## VIII. Право на жалба

Имате право да поднесете жалба кај надзорните органи или друга агенција за заштита на податоците во врска со нашата обработка на вашите податоци. Тоа може да е, на пример, агенцијата за заштита на податоците каде што вие живеете. Список на сите надзорни органи за заштита на податоците во Европската Унија и Европската економска област може да најдете на: https://edpb.europa.eu/about-edpb/about-edpb/members_en#member-mk.

### B. Детално за обработката на податоците

## I. Volkswagen ID

Volkswagen ID им нуди на клиентите можност да се регистрираат за бројни онлајн-услуги на Volkswagen AG или трети страни. Обработката на податоци потребна за таа цел се одвива со цел извршување на договорот (член 6, став 1, стр. 1, точка b од DSGVO). Volkswagen ID служи како централна корисничка сметка преку која нашите клиенти може да управуваат со личните податоци централизирано. За да можете да користите мобилна онлајн-услуга, потребно е да создадете Volkswagen ID или да се најавите со постоечка Volkswagen ID. Онлајн-услугите

избрани од клиентот се поврзани со Volkswagen ID на клиентот. Таквата поврзаност се прави само ако клиентот дал согласност за тоа (член 6, став, 1 стр. 1, точка а од DSGVO). Информации за обработката на податоците во поврзаност со Volkswagen ID може да се најдат во изјавата за заштита на податоците на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/IdentityKit/de/mk/volkswagen-dataPrivacy/latest/html.

# II. Volkswagen Ident

Пред да користите мобилни онлајн услуги кои овозможуваат пристап до возилото (на пр., преку „Заклучување и отклучување"), мора да се изврши проверка на идентитетот (Volkswagen Ident).

## 1.а. Процес на Volkswagen Ident преку видеоразговор во апликацијата „Volkswagen"

За таа цел, клиентот има можност да започне видеоповик во апликацијата „Volkswagen" и да се поврзе со кол-центарот на нашиот давател на услуги IDnow GmbH („IDnow"). На клиентите им е потребна апликацијата IDnow Video-Ident за да го извршат процесот на идентификација. Потоа вработен од кол-центарот го води клиентот низ сите потребни чекори за верификација. Притоа, податоците од Volkswagen ID на клиентот ќе бидат според со информациите од неговата легитимација која може да се чита машински (возачка дозвола, лична карта или пасош, според важечките прописи во земјата на клиентот) за да се провери автентичноста на податоците. Врз основа на сликите направени од клиентот и од неговата легитимација, која може да се чита машински за време на конверзацијата, се спроведува биометриска споредба и се проверува прецизноста на податоците во документот.

Ангажираниот давател на услуги ги добива името, презимето, датумот на раѓање и претпочитаниот јазик на клиентот за целите на споредба на податоци со неговата легитимација која може да се чита машински и заради идентификација. Освен тоа, се пренесува и Volkswagen ID (внатрешниот идентификациски број за точно назначување на податоците).

Овие лични податоци се дополнуваат со дополнителни податоци (пр. со портрет слика) од страна на ангажираниот давател на услуги за време на процесот на идентификација. Корисникот ќе биде информиран за ова одделно однапред и мора изречно да се согласи за да можеме да ги обработуваме податоците на овој начин. Во тој случај, податоците се обработуваат врз основа на член 6, став 1, точка а од DSGVO и член 9, став 2, точка а од DSGVO врз основа на согласноста на клиентот само заради целите на идентификација со цел активација на мобилните онлајн-услуги за кои е потребна јасна идентификација. Податоците се пренесуваат само во шифрирана форма.

Штом ќе заврши идентификацијата, давателот на услуги ќе ни ги испрати името, презимето, датумот на раѓање и Volkswagen ID на клиентот, како и времето на идентификација со цел документирање на настанот. Освен тоа, видот на документ, бројот на документ, земјата на издавање, датумот на издавање, рокот на важност и органот на издавање на документот на клиентот се префрлаат за целите на документирање на идентитетот од документот со кој бил идентификуван.

На крајот, се прави видеоснимка од процесот на идентификација, а сликите од легитимацијата и лицето на клиентот се зачувуваат кај IDnow заради верификација и се бришат во рок од максимум триесет (30) дена.

Ние проценуваме дали процесот на Volkswagen Ident бил завршен успешно или прекинат. Други податоци освен овие не се анализираат како дел од процесот на Volkswagen Ident. Детали за анализата можете да најдете во делот „A.III.1 Склучување договор“.

Личните податоци ќе се чуваат во Volkswagen додека клиентот не ја избрише својата корисничка сметка на Volkswagen ID.

Информации на третата страна:

IDnow GmbH
Auenstraße 100
80469 München
Германија

Овој примател ги обработува личните податоци исклучиво на наше барање согласно нашите упатства.

## 1.b. Процесот Volkswagen Ident преку AutoIdent на порталот MyVolkswagen и апликацијата Volkswagen

AutoIdent од IDnow е процес за идентификација кој на клиентот му овозможува да се идентификува онлајн и во реално време. Клиентот поставува машински читлив документ за идентификација, како што е лична карта, пасош или возачка дозвола (во зависност од прописите што се во сила во земјата на клиентот) и прави кратко видеоселфи. Софтверот на AutoIdent автоматски ја потврдува автентичноста на документот и го споредува со видеото за да се загарантира дека лицето што бара идентифицирање е автентично. Штом идентитетот ќе биде успешно верифициран, клиентот може да го потврди својот идентитет онлајн и да користи мобилни онлајн услуги кои, на пример, овозможуваат пристап до возилото (на пример, „Заклучување и отклучување“).

Volkswagen ID (внатрешниот идентификациски број за точно назначување на корисничките податоци) се пренесува до ангажираниот давател на услуги.

Овој идентификациски број се дополнува со дополнителни податоци (на пр., со портрет слика) од страна на ангажираниот давател на услуги за време на процесот на идентификација. Корисникот ќе биде информиран за ова одделно однапред и мора изречно да се согласи за да можеме да ги обработуваме податоците на овој начин. Во тој случај, податоците се обработуваат врз основа на член 6, став 1, точка a од DSGVO и член 9, став 2, точка a од DSGVO врз основа на согласноста на клиентот само заради целите на идентификација со цел активација на мобилните онлајн-услуги за кои е потребна јасна идентификација. Податоците се пренесуваат само во шифрирана форма.

Штом ќе заврши идентификацијата, давателот на услуги ќе ни ги испрати името, презимето, датумот на раѓање и Volkswagen ID на клиентот, како и времето на идентификација со цел документирање на настанот и активирање на мобилната онлајн услуга. Освен тоа, видот на документ, бројот на документ, земјата на издавање, датумот на издавање, рокот на важност се префрлаат за целите на документирање на идентитетот од документот со кој бил идентификуван.

Ние проценуваме дали процесот на Volkswagen Ident бил завршен успешно или прекинат. За таа цел, го зачувуваме статусот на процесот за верификација на корисник.

Предниот и задниот дел на документот, снимените безбедносни карактеристики на документот за идентификација и фотографиите од лице се чуваат на IDnow и се бришат по максимално триесет (30) дена.

Личните податоци ќе се чуваат во Volkswagen додека клиентот не ја избрише својата корисничка сметка на Volkswagen ID.

Информации на третата страна:

IDnow GmbH
Auenstraße 100
80469 München
Германија

Овој примател ги обработува личните податоци исклучиво на наше барање согласно нашите упатства.

## 2. Процес на Volkswagen Ident од вашиот сервисен партнер на Volkswagen

Како алтернатива, може да се помине процесот на Volkswagen Ident кај локалниот сервисен партнер на Volkswagen ако нуди таква услуга. Прво, клиентот мора да се регистрира со своето име, презиме и датум на раѓање со лично најавување во веб-прелистувач.

Податоците што ги дал на локалниот сервисен партнер на Volkswagen ќе бидат споредени со податоците на возачка дозвола на клиентот. Во тој случај, податоците се обработуваат врз основа на член 6, став 1, точка а од DSGVO и член 9, став 2, точка а од DSGVO врз основа на согласност само заради целите на идентификација со цел активација на мобилните онлајн-услуги за кои е потребна јасна идентификација. Заведените податоци (број на возачка дозвола, датум на издавање, ако треба и земјата на издавање, рокот на траење) се испраќаат кај нас. Податоците се пренесуваат само во шифрирана форма. Не се зачувуваат податоци кај сервисен партнер на Volkswagen. Сервисниот партнер на Volkswagen ги обработува вашите податоци исклучиво на наше барање согласно нашите упатства.

# III. Обработка на податоците при употребата на мобилните онлајн-услуги

До онаа мера потребно со законите, може корисникот на возило да користи eCall („Систем за итен повик eCall“) и кога не склучил договор за мобилни онлајн-услуги.

За да се активираат други мобилни онлајн-услуги во возилото, потребна е Volkswagen ID, треба да се склучи договор за мобилни онлајн-услуги и да се изврши регистрација како главен корисник на возилото.

Кога се користат мобилните онлајн-услуги, возилото комуницира со серверот за податоци на Volkswagen AG. Притоа, се обработуваат личните податоци (пр. идентификациски број на возилото (VIN)) и техничките податоци.

Поврзувањето и обработката на личните податоци можете да ги ограничите со помош на поставките за приватност. Меѓутоа, во одредени случаи, мобилните онлајн-услуги не може да се овозможат за употреба ако обработката на податоците е ограничена.

## 1. Ограничување на обработката на податоците и управување со услуги (приватност; достапно во зависност од моделот и опремата)

Поставките за приватност го контролираат преносот на податоци помеѓу возилото и серверот за податоци на Volkswagen. Освен тоа, зависно од услугите што се достапни и активирани во возилото, возможно е и другите корисници на возилото со улога на главен корисник и дополнителен корисник да прегледуваат одредени податоци за употребата на возилото (вклучително можеби и податоците за позицијата на возилото). Ова исто така – особено споделување на податоци за позицијата на возилото – може да се ограничи преку поставките за приватност на возилото.

Една од следните поставки може да се избере:

**• Максимална приватност**

Сите мобилни онлајн услуги се деактивирани, освен услугите „Систем за итен повик eCall“ или „Сервис за итен повик“ ако законскиот „Систем за итен повик eCall“ не е достапен.

СИМ картичката се приклучува во мобилната мрежа само ако се направи итен повик поради сообраќајна незгода или рачно (за детали за обработка на податоци во овој случај, видете ја следната точка „IV. Портфолио на услуги“ под точката „Услуга за итен повик, Систем за итен повик eCall“.

**• Без локација**

Обработката на податоци за локацијата е спречена. Другите податоци, како идентификацискиот број на возилото (VIN), може да бидат обработени.

**• Употреба на локација**

Мобилните онлајн-услуги може да ја користат позицијата на возилото, но да не ја откријат пред другите корисници на возилото (видете ја следната поставка „Споделување локација“).

**• Споделување локација**

Сите мобилни онлајн-услуги се активирани. Позицијата на возилото може да биде видлива за другите корисници на возилото преку лично најавување во веб-прелистувач, во апликацијата „Volkswagen“, земајќи предвид дека услугите го дозволуваат тоа. Информации за корисничкиот модел може да се најде во следниот дел.

**• Управување со услуги**

Услугите може да се активираат и деактивираат поединечно од секој корисник. На тој начин може да се избере кои услуги треба да бидат активирани и деактивирани на ова ниво пред да се направи префрлување кон друго ниво на приватност.

## 2. Кориснички модел (зависно од моделот и опремата)

Корисниците на мобилните онлајн-услуги можат да преземаат различни улоги (кориснички улоги) (зависно од моделот и опремата). Зависно од корисничката улога, постојат различни овластувања за употребата на мобилните онлајн-услуги и возилото:

Корисничката улога **„Главен корисник“** е предвидена за сопственикот или за трајно овластениот корисник (изнајмувач, возач вработен во компанија итн.) на возилото. Главниот

корисник во основа ги има сите овластувања. Постои само еден главен корисник во секое возило. Ако се легитимира нов главен корисник на возилото, претходниот главен корисник автоматски ја губи улогата на главен корисник. Во возилото секој корисник може да види кој е моменталниот главен корисник и од кога е главен корисник. Информациите се прикажани заради исполнување на договорот за мобилни онлајн услуги (Член 6, став 1, точка b од DSGVO).

Корисничката улога **„Дополнителен корисник"** е наменета за корисниците што редовно го користат возилото, на пример, како член на семејството, партнер или пријател на главниот корисник. Дополнителните корисници ја добиваат својата позиција од главниот корисник: дополнителните корисници мора да бидат одобрени од главниот корисник на возилото; главниот корисник може да ги брише дополнителните корисници. Ако заврши позицијата на главниот корисник, којшто доделил овластување на дополнителниот корисник, позицијата на дополнителниот корисник исто така завршува.

Корисничката улога **„Корисник-гостин"** е предвидена за корисници што го користат возилото повремено или еднаш. Корисникот-гостин може самиот да се регистрира за таа цел во кое било возило со услуги. Корисникот-гостин има само ограничен пристап до одредени мобилни онлајн-услуги.

Главниот корисник може да ги прегледа прекарот и пофилната слика на главниот или корисникот-гостин најавени во возилото во веб-прелистувачот.

Главниот корисник има можност да покани корисник-гостин да ја има улогата на дополнителен корисник преку својата лична сметка во веб-прелистувач. Корисникот-гостин може да прифати или да одбие да биде дополнителен корисник преку својата лична сметка во веб-прелистувач или во апликацијата „Volkswagen". Обработката на податоците е заради исполнување на договорот за мобилни онлајн услуги (Член 6, став 1, точка b од DSGVO).

Притоа, мора да се направи разлика од **„анонимен гостин"**. Секој корисник на возило, којшто не е најавен во возилото со својата Volkswagen ID, ја презема таа улога. Анонимниот гостин го започнува секое патување во офлајн режим („Максимална приватност"). Достапни му се само неколку услуги штом ќе ги активира приватните поставки „Нема локација", „Користи ја моменталната локација" или „Споделување локација".

Одредени услуги овозможуваат – зависно од поставените приватни поставки на актуелниот корисник на возилото – главниот корисник и/или дополнителниот корисник да гледаат одредени податоци (како тие за услугите за статус на возилото) преку нивната апликација „Volkswagen" или преку лично најавување во веб-прелистувач. Преносот на податоци на други корисници се одвива во поврзаност со податоците на најавените корисници со цел извршување на договорот (член 6, став 1, точка b од DSGVO) и во поврзаност со податоците на анонимен гостин врз основа на легитимните интереси за услугите да станат достапни во возилото согласно договорот (член 6, став 1, точка f од DSGVO).

Детали за услугите може да се најдат во следниот дел „IV. Портфолио на услуги".

# IV. Портфолио на услуги

Мобилните онлајн-услуги наведени долу се достапни во возилото зависно од моделот и годината на моделот на возило, опремата, земјата и резервираните пакети со услуги.

Долу ќе најдете преглед на податоците што се обработуваат во рамките на соодветната услуга, правната основа за обработката и соодветните приматели на податоците. За

примателите на податоци што ги добиваат податоците низ сите услуги, може да ја погледнат секцијата „A. Општи информации за обработката на личните податоци“ во „VII. Примател на податоци“.

Повеќе за услугите и пакетите со услуги можете да се информирате на: http://connect.volkswagen-we.com.

Услугите со кои се обработува моменталната локација на корисникот на возилото се означени со *.

## 1. 3D -Преглед на град (Guide & Inform)

Оваа услуга нуди детален приказ на модели на одредени градови. Некои градови се однапред инсталирани во системот за навигација на возилото, додека други може да се вчитаат или ажурираат во зависност од прикажаната секција од картата.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), идент. број на дел од карта, идент. број на слој на карта, верзија на дел од карта, верзија на слој од карта

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други примател на податоци:** нема

## 2. Времиња на тргнување (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со „Времиња на тргнување“ корисникот на возилото одредува кога батеријата на електричното или хибридното возило ќе се полни и дали возилото ќе се климатизира во посакуваното време на тргнување. Податоците може да се постават и повикаат во апликацијата „Volkswagen“ за главниот и дополнителниот корисник.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), тајмер за тргнување со поставки за полнење, клима и ноќно напојување

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други примател на податоци:** нема

## 3. Amazon Alexa (We Connect, VW Connect)*

Со „Amazon Alexa“ In-Car App, корисникот на возилото може безбедно и пригодно да го користи гласовниот помошник Amazon Alexa во возилото. Alexa претставува услуга на Amazon EU SARL, 5 Rue Plaetis, 2338 Luxembourg, Луксембург (Amazon); Volkswagen AG не ги обработува гласовно внесените информации. Volkswagen AG се поврзува со Amazon само преку Amazon Alexa In-Car App во возилото. Сите податоци (гласовно внесени информации, гео-позицијата, IP-адресата, идентификацискиот број на уредот, моделот на возило, токенот за пристап) се испраќаат до Amazon директно од возилото. За обработката на овие податоци е одговорна Amazon и се применува изјавата за заштита на податоци на Amazon.

## 4. Услуга за итен повик, Систем за итен повик eCall (во зависност од моделот и достапната опрема)*

Ако сте вклучени во сообраќајна несреќа или се открие медицински итен случај, автоматски ќе се воспостави итен повик без разлика на поставките за приватност што сте ги избрале.

Возилото користи сензори за да препознае дали се случила сообраќајна несреќа и во таков случај го активира законски пропишаниот „Систем за итни повици eCall". Можете рачно да ја пријавите вашата незгода во секое време преку „Системот за итни повици eCall" користејќи го контролниот елемент што се наоѓа на кровната конзола (или во инфо-забавниот систем) во возилото или да повикате помош за другите учесници во сообраќајот што се наоѓаат во незгода. Во случај на активирање на системот за итни повици, се воспоставува гласовна врска со центарот за спасување – зависно од поединечниот случај – преку која може да се побараат или пренесат дополнителни лични податоци (на пример, видот и сериозноста на повредата).

**Услуга за итен повик:**

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), тип на возило, време, локација, насока на патување, број на лица во возилото, избраниот јазик на инфо-забавниот систем, сериозноста на сообраќајната несреќа, страната на судирот (на пример, преден или страничен судир), активиран настан, тип на погон

**Правна основа:** член 6, став 1, точка d од DSGVO (заштита на суштински интереси)

**Други приматели на податоци:** Bosch Service Solutions GmbH, Mainzer Landstraße 193, 60326 Frankfurt am Main, Германија. (Овој примател ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

Функцијата „Услуга за итен повик" може да се исклучи преку управувањето со услуги (достапно зависно од моделот и опремата; видете ја секцијата C.III.1. „Ограничување на обработката на податоците и управување со услуги (приватност; достапно во зависност од моделот и опремата)" во потточката „Управување со услуги"). Ако во возилото нема „Управување со услуги", тогаш услугата може да се деактивира кај кој било сервисен партнер на Volkswagen; повеќе информации може да најдете во компјутерот на возилото.

**Систем за итен повик eCall (законски пропишан итен повик):**

Во случај на сообраќајна несреќа, се воспоставува гласовна врска со центарот за спасување, зависно од поединечниот случај, преку која може да се побараат или пренесат дополнителни податоци (на пример, видот и сериозноста на повредата). Следните податоци автоматски и директно – без вклученост на серверот за податоци на Volkswagen – се пренесуваат од возилото до службите за спасување: идентификацискиот број на возилото (VIN), видот на активација, типот на возило, видот на погон, времето на итниот повик, локацијата, правецот на движење, бројот на лица во возилото. Автоматскиот пренос на податоци до центарот за спасување се заснова врз законска обврска и со цел заштита на суштинските интереси (член 6, став 1, точка c од DSGVO во поврзаност со Регулативата (EU) 2015/758 на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2015 година за барањата за типот одобрение за вовед на системот eCall во возила базиран врз итни повици на бројот 112 и за промена на Директивата 2007/46/EG; член 6, став 1, точка d од DSGVO).

Ако возилото е во офлајн режим (поставка за максимална приватност), се активира законскиот „Систем за итен повик eCall" којшто испраќа сигнал преку 2G/3G мобилна мрежа. Ако законскиот „Систем за итен повик eCall" не е достапен поради исклучена мобилна мрежа, се активира итен повик преку „Услуга за итен повик", без разлика на поставката за приватност. Целосно исклучување на „Услугата за итен повик" на производителот може да се изврши преку единечно исклучување.

## 5. Пакети податоци (Guide & Inform Premium (достапно само за Touareg), We Connect Plus, VW Connect Plus)

Клиентите може да купат пакети мобилен интернет преку еден од нашите партнери за мобилна телефонија за употреба на WLAN-хотспот и за одредени услуги за емитување и да ги употребуваат во возилото. Предуслов за тоа е да се регистрираат кај давателот на услуги за мобилна телефонија што сме го ангажирале за возилото. Обработката на податоци во поврзаност со добивањето и употребата на пакети податоци е одговорност на давателот на услуги за мобилна телефонија.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), податоци од СИМ картичката

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** давателот на услуги за мобилна телефонија поставен за возилото

## 6. Патни податоци (Security & Service, We Connect, VW Connect)

Со оваа услуга главен или дополнителен корисник на возилото може да направи да се прикажуваат одредени „патни податоци“ преку лично најавување во веб-прелистувачот и во апликацијата „Volkswagen“. На крајот од патувањето, по гасење на возилото, патните податоци се испраќаат на Volkswagen AG и стојат на располагање преку лично најавување во веб-прелистувачот и преку апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), просечна брзина, времетраење на возењето, поминато растојание (само растојание), просечна вкупна потрошувачка

**Правна основа:** за главниот и дополнителниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите за главниот и дополнителниот корисник согласно договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 7. Статус на возилото, вклучително врати и светла (Security & Service, We Connect, VW Connect)

„Статус на возилото“ овозможува главниот или дополнителниот корисник да прикажува разни податоци за статусот на возилото во апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), тип на погон, состојба на наполнетост, наполнетост на резервоар, преостанато за возење, километража, состојба на врати, багажник и прозорци, статус на централно заклучување, статус на светла, временски печат

**Правна основа:** за главниот и дополнителниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите за главниот и дополнителниот корисник согласно договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 8. Извештај за состојбата на возило (Guide & Inform, Security & Service, We Connect, VW Connect)

Главниот или дополнителниот корисник со „Извештај за состојбата на возилото“ добива информации за актуелната состојба на возилото. Корисникот може да го употреби ова за приказ на тековните предупредувачки пораки од возилото и/или какви било потреби за сервис преку лично најавување во веб-прелистувач или во апликацијата „Volkswagen“. Само ограничен избор од сите предупредувачки и контролни светла од возилото е прикажан во услугава. Само предупредувачките пораки и пораките за грешки остануваат во возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), километража, време и преостанати километри до следното одржување, предупредувачки пораки

**Правна основа:** за главниот и дополнителниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите во возилото за главниот и дополнителниот корисник согласно договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 9. Предупредување за подрачје (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

*Овој дел се однесува само на возила на корисници со постојано живеалиште во Јапонија.*

Со „Предупредување за подрачје“ главниот корисник може да добива известувања кога возилото влегува или излегува од одредена област што ја одредил. Возачот на возилото може да го деактивира „Предупредувањето за подрачје“ кога било преку поставките во возилото и така да го спречи добивањето известувања за подрачје. Главниот корисник може да го прегледува дневникот на активности за услугата во личната сметка во веб-прелистувач. Услугава може да се најде и преку апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), дефинираната област и период, геопозиција на возилото при управување (геопозицијата останува во возилото и не е препратена.)

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите за главниот и дополнителниот корисник согласно договорот, интерес на главниот корисник за правилна употреба на своето возило)

**Други приматели на податоци:** нема

## 10. Предупредување за брзина (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

*Овој дел се однесува само на возила на корисници со постојано живеалиште во Јапонија.*

Главниот корисник може да го користи „Предупредувањето за брзина“ за да добива информации кога возилото ја надминува брзината што ја определил. Возачот може да ја деактивира услугата „Предупредување за брзина“ кога било преку поставките во возилото и така да го спречи добивањето известувања за брзината. Главниот корисник може да го прегледува дневникот на активности за услугата во личната сметка во веб-прелистувач. Услугава може да се најде и преку апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), брзината определена од вас

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите за главниот и дополнителниот корисник согласно договорот, интерес на главниот корисник за правилна употреба на своето возило)

**Други приматели на податоци:** нема

## 11. Google Earth™ (Guide & Inform)*

Со „Google Earth™" корисникот на возило може да открива многу нови места благодарение на реалистичниот приказ на околината.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), локација, IP-адреса, избраниот јазик на системот за навигација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Google Ireland Ltd., Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска

## 12. Сирена и трепкачи (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Со „Сирена и трепкачи" главниот корисник може од далечина да ги контролира сите четири трепкачи и сирената на возилото преку апликацијата „Volkswagen", ако е во видно поле на возилото (прибл. 100 метри) и да го провери моменталниот статус на сирената и трепкачите. Главниот корисник и сите дополнителни корисници може да го прегледуваат дневникот на активности за услугата во личната сметка во веб-прелистувач.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), локација на возилото и вашиот мобилен уред

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 13. In-Car Shop/Webshop (достапно во сите пакети)

Преку „In-Car Shop/веб-продавница" главниот корисник може да купува мобилни онлајн-услуги или да го продолжите времетраењето на мобилните онлајн-услуги.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), податоци за контакт, податоци од договорот, податоци од кредитна картичка/податоци за плаќање преку PayPal

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** arvato distribution GmbH, Gottlieb-Daimler-Straße 1, 33428 Harsewinkel, Германија; J.P. Morgan Mobility Payments Solutions S.A.,. 161, Rue du Kiem L-8030 Strasse, Luxemburg; Markovski Solutions, Borovo Distr., bl. 10, 1680 Sofia, Бугарија

На следните приматели на податоци ќе им бидат испратени податоците за плаќањето со кредитна картичка или PayPal од страна на J.P. Morgan Mobility Payments Solutions S.A.:

Concardis GmbH, Helfmann-Park 7, 65760 Eschborn, Taunus, Германија (при плаќање со кредитна картичка); PayPal (Europe) S.à.r.l. et Cie, 22-24 Boulevard Royal, 2449 Luxemburg, Луксембург (при плаќање со PayPal)

## 14. Инфо-повик (Guide & Inform, Security & Service, We Connect, VW Connect)*

Со контролниот елемент на кровната конзола во возилото може да се активира Инфо-повикот и да се поврзе со корисничката поддршка за возилото на Volkswagen AG.

**Лични податоци:** телефонски број на СИМ картичката вградена во возилото и други лични податоци што ги дава корисникот на возилото за време на повикот

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци** во Германија, Volkswagen Group Services GmbH, Major-Hirst-Str. 11, 38442 Wolfsburg, Германија; надвор од Германија, кол-центарот на компанијата задолжена за земјата (увозник) (примателите ги обработуваат податоците само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 15. Климатизација (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Преку „Климатизација“ главниот и дополнителниот корисник имаат опција да ја приспособи температурата на внатрешноста на електричното или хибридното возило со помош на клима уредот (климатизација на возилото во мирување) и да го (де)активира греењето на стакла, без да мора да биде и тој во возилото. Податоците може да се постават и повикаат во апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), статус на климатизација, податоци за климатизација, статус на греењето на стакла

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 16. Полнење (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Преку „Полнење“ главниот и дополнителниот корисник има можност да управува со полнењето на батеријата на електричното или хибридното возило, да го конфигурира процесот на полнење и да го проверува статусот на полнење. Податоците на крајот може да се постават и повикаат во апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), статус и поставки за полнење

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 17. Мобилен клуч (VW Connect)

Со оваа услуга клиентот има можност да инсталира дигитален клуч за возилото на паметниот телефон за употреба во апликацијата „Volkswagen“ или да го испрати на друг корисник преку мобилните онлајн услуги. Преку личната сметка во веб-прелистувачот клиентот преку мобилните онлајн услуги може да ги прикаже постоечките мобилни клучеви за возилото и да ги брише или преименува.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), корисничка идентификација, адреса на е-пошта (за предавање клуч на друг корисник), само при замена на клучот на

возилото: тип клуч, идентификациски број на клучот, километража, статус на сервисна картичка, статус на функцијата „Мобилен клуч“ во возилото (активирање или деактивирање); идентификациски броеви на осигурените средини во крајниот уред

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Друг примател на податоци:** Thales DIS Deutschland GmbH, Werinherstraße Straße 81, 81541 München, Германија. (Овој примател ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 18. Вести (Guide & Inform)

Оваа услуга им овозможува на клиентите независно да го одредат нивниот канал на вести (извор на вести) и да го увезат преку лично најавување на веб-прелистувачот во возилото.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), список на омилени посакувани испраќачи на вести (извор на вести)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други примачи на податоци:** нема

## 19. Навигација: онлајн ажурирање карти (We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Со оваа услуга можете да ги ажурирате картите директно во вашето возило. За таа цел, возилото анализира кои региони во земјата (на пример северозападна Германија) се релевантни/предоминантно се користат за возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), региони во коишто најчесто се вози (само при автоматско ажурирање); број на верзија на актуелно зачуваните податоци на картата

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други примачи на податоци:** HERE Europe B.V., Kennedyplein 222–226, 5611 ZT Eindhoven, Холандија; за јапонски корисници наместо HERE Europe B.V.: Alibaba Group AutoNavi Software Co. Ltd., 7/F Shou Kai Square, NO. 10 Fu Rong Street, Wangjing, Chaoyang District, Beijing, Кина. (Примателите ги обработуваат вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 20. Навигација: Онлајн одредување рута (We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Оваа услуга ја одредува најдобрата рута за возилото земајќи ја предвид моментална сообраќајна ситуација.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), локација, внесена цел, верзија на податоци за навигација, временски печат, поставки за критериумите за рути

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Друг примател на податоци:** Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овој примател ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 21. Навигација: паркиралишта (We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Со услугата „Паркиралишта“ се пребаруваат соодветни паркиралишта во кругот на актуелната локација на возилото. Апликацијата информира за цената, работните времиња, оддалеченоста и телефонските броеви.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Parkopedia Ltd. 232 Sladepool Farm Road, Birmingham, B14 5EE, Обединето Кралство; Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овие приматели ги обработуваат податоците само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 22. Навигација: бензински станици и станици за полнење (We Connect Plus VW Connect Plus)*

Со услугата се пребаруваат соодветни бензински станици и станици за полнење во кругот на актуелната локација на возилото. Апликацијата го покажува и вкупниот број и слободни места на станицата за полнење. Услугата информира за цената, работните времиња, оддалеченоста и телефонските броеви.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Друг примател на податоци:** Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овој примател ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 23. Онлајн аларм против кражба (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Главниот или дополнителниот корисник може да го избере каналот за добивање информации (пуш-известувања и/или по е-пошта) во личната сметка во веб-прелистувачот или преку апликацијата „Volkswagen“ преку „Онлајн алармот против кражба“ и така да ја активира услугата. По активирањето на услугата, ќе бидете информирани преку активирање на безбедносниот систем против кражби со пуш-известување на апликацијата Volkswagen. Главниот корисник и сите дополнителни корисници може да го прегледуваат дневникот на активности за услугата во личната сметка во веб-прелистувач.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), корисничка идентификација, причина за активирање и време на активирање

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 24. Over-the-Air-Update/Онлајн надградба на системот (сите пакети)

Преку оваа услуга се надградува софтверот во возилото и податоците од Инфо-забавниот систем, на пример, за да се добијат нови функции или да се подготви со најпоследните измени во патниот сообраќај.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), верзија на софтвер и хардвер, како и сериски број на хардверот, избраниот јазик на Инфо-забавниот систем

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Друг примател на податоци:** Arvato Supply Chain Solutions SE, Reinhard-Mohn-Str. 22, 33333 Gütersloh, Германија; CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 Wolfsburg, Германија

## 25. Онлајн пребарување посебни цели (Guide & Inform)*

Функцијата „Онлајн пребарување посебни цели“ (текст/говор) му овозможува на корисникот на возилото да ги пребарува личните омилени цели на секоја локација преку Google.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација, радиус на пребарување, избраниот јазик на Инфо-забавен систем

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Google Ireland Ltd., Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска

## 26. Онлајн греење во место (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со „Онлајн греење во место“ главниот и дополнителниот корисник може да управува со греењето во мирување преку апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), времиња на тргнување, статус и поставки на клима

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 27. Далечинска контрола на вентилација (We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со „Далечинска контрола на вентилација“ главниот и дополнителниот корисник може да управува со вентилацијата во мирување преку апликацијата „Volkswagen“.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), времиња на тргнување, статус и поставки на вентилација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 28. Онлајн информации за сообраќај (Guide & Inform, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Услугата „Онлајн информации за сообраќај“ дава информации за тековните настани во сообраќајот и ви се прикажува текот на сообраќајот на картата и долж рутата на системот за навигација.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација, прецизност на локација, насока на патување, брзина, косина на патот, посакувана целна локација, поставките

за информациите за сообраќајот, препознаениот тип на настан, временскиот печат, верзијата на апликација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** TomTom Germany GmbH & Co KG („TomTom“), Am Neuen Horizont 1, 31177 Harsum, Германија; Robert Bosch GmbH, Theodor-Heuss-Straße 12, 38122 Braunschweig, Германија. (Robert Bosch GmbH ги обработува податоците на наше барање и согласно нашите упатства; TomTom ги обработува податоците на сопствена одговорност.)

**Само кај возилата Passat, година на модел 2019, податоците дополнително се испраќаат во HERE Europe B.V. пренесено до:** Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz Nr. 5, 01156 DRESDEN, ГЕРМАНИЈА. (Примателот ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 29. Онлајн преземање цел/Онлајн преземање рута (Guide & Inform, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Услугава може пред тргнување да им испраќа на главниот и дополнителниот корисник поединечни зачувани посебни цели (POI) во апликацијата „Volkswagen“, како и рути создадени во системот за навигација. Испратената дестинација, односно испратената рута станува видлива во системот за навигација за моменталниот корисник на возилото штом возилото се поврзе со интернетот.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), термин за пребарување, координати од секцијата на картата, создадени рути, испратени (посебни) цели, избраниот јазик во Инфо-забавниот систем, IP-адреса, корисничка идентификација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Google Ireland Ltd., Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска

## 30. Повик во случај на дефект (Security & Service, VW Connect)*

„Повик во случај на дефект“ може да се активира при случај на дефект (со или без засветување на предупредувачката сијаличка), како и при помала штета поради незгода, којашто го активира прагот на активирање на сигурносните системи (како воздушното перниче и затегнувачот на безбедносниот појас). Ако контролниот уред на воздушното перниче препознал судир, се воспоставува аудиоврска со помош на услугата за итен повик или со помош на опцијата за повик во случај на дефект во Инфо-забавниот систем. Одредени податоци, како опремата на возилото, автоматски се пренесуваат кај лицето задолжено за повици за дефекти и, ако е потребно, влечната служба за да може да се добие помош брзо и ефективно.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), телефонскиот број на SIM-картичката во возилото, титула, име, датум на раѓање, адреса, земја, телефонски број, адреса на е-пошта, регистарска табличка), податоци за возилото (марка, километража, опсегот, име на модел, година на моделот, боја, менувач, вид погон, година на производство, вид возило, карактеристики на опремата), осигурителни податоци (име на осигурување, број на осигурување, вид штета, име на спротивната осигурителна компанија), податоци за случајот (зона на удар, тежина на удар, ден на незгода, време на незгода, виновник, предупредувачки светла, записи за евиденција, податоци за позицијата на возилото, точност на податоците за

Global Positioning System, насока на патување, вид на штета, датум на заведување на штетата, процена на штетата, термин за сервис, последен сервис), ако треба други лични податоци кои ги споделува корисникот на возилото за време на повикот

**Правна основа:** за главен корисник, дополнителен корисник и корисник-гостин: член 6, став 1, точка b од DSGVO (заради извршување на договорот); за податоците на анонимните гости: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите во возилото согласно договорот)

**Друг примател на податоци:** кол-центарот на продажната компанија (увозникот) овластена за земјата, а ако е потребно и сервисен партнер на Volkswagen или компанија за влечна служба

Ако се деактивира услугата, повикот во случај на дефект сепак може да се упатува и офлајн; меѓутоа, нема автоматско префрлање на податоците од возилото до сервисниот центар.

## 31. Паркинг позиција (Security & Service, We Connect, VW Connect)*

„Паркинг позиција" му овозможува на главниот и дополнителниот корисник да ги провери последно познатите локации на возилото. Услугава може да се најде и преку апликацијата „Volkswagen".

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), актуелна паркинг позиција на исклучено возило (извaден клуч, исклучено стартер-копче), позиција на мобилниот уред

**Правна основа:** за главниот и дополнителниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (заради извршување на договорот); за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите во возилото согласно договорот)

**Други примателi на податоци:** нема

## 32. Онлајн персонализирање (низ сите пакети, кога е достапно во вашето возило)

Со функцијава главниот корисник и корисникот-гостин можат да ги зачуваат своите индивидуални поставки за возилото и да ги носат со себе во други возила на Volkswagen кои имаат мобилни онлајн услуги. Поставките на возилото од разни системи се зачувуваат автоматски и во зависност од опремата, како седишта, ретровизори, светлина, клима и помош при возењето.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), корисничка идентификација, лозинка, S-PIN, актуелни поставки за приватност на возилото, име и презиме, адреса на е-пошта, корисничко име, корисничка улога, актуелни лични поставки за возилото (меѓудругото, клима уред, седиште, осветлување, ретровизор, поставки за помош при возење), последно употребени радио-станици/апликации, чести рути, последна цел, домашна адреса, работна адреса, омилени цели, претпочитани категории на посебни цели

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 33. Сателитски карти (Guide & Inform)*

Оваа услуга му овозможува на корисникот на возилото да гледа прикази на карти за навигација од сателитски снимки со висока резолуција. Префрлањето на потребните податоци

до нашиот давател на услуги Google се одвива без давателот на услуги да може да знае кој е корисникот на возилото како личност или кое е возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), временски печат, информации за употребените софтверски верзии, употребените карти или верзии на делови од картата, податоци за позицијата

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Друг примател на податоци:** HERE Europe B.V., Kennedyplein 222 –226, 5611 ZT Eindhoven, Холандија. (Примателот ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.) Google Ireland Ltd., Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска (се пренесуваат само податоците за позицијата или побараниот дел од картата, вклучително степенот на зголемување на картата)

## 34. Управување со услуги (зависно од моделот и опремата)

„Управувањето со услуги" му овозможува на корисникот на возилото да ги вклучува и исклучува онлајн-услугите и функциите на возилото достапни во возилото и да прима детални информации за пакетите со услуги што се резервирани и за нивното времетраење.

Ако се достапни во возилото, поединечните поставки за приватност може да се бираат. Така се овозможува контрола на тоа кои податоци е дозволено да го напуштаат возилото. Освен тоа, купените и активирани функции „Upgrades", како и апликациите In-Car App се прикажани во личната сметка во веб-прелистувачот. Освен тоа, корисникот на возилото добива известување во апликацијата ако корисникот на возилото нема лиценца VW Connect.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), статус на активирање на услугата, ниво на приватност

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за исполнување или започнување договор); член 6, став 1, точка f од DSGVO за информации ако нема лиценца VW Connect. (легитимни интереси: маркетиншки информации за клиентите)

**Други приматели на податоци:** нема

## 35. Закажување сервис (Security & Service, We Connect, VW Connect)

Ако се активира услугата „Закажување сервис" од главниот корисник, ќе биде контактиран за термините за сервис (промена на масло, инспекциски сервис и пораките за предупредување избрани од Volkswagen AG) од сервисниот партнер на Volkswagen (или, ако е потребно, сервисниот партнер на Volkswagen ангажиран од продажната компанија или кол-центар) преку комуникацискиот канал што го одбрал (е-пошта или телефон) за закажување сервис.

Ако сервисниот партнер што го навел главниот корисник веќе не врши дејности или веќе не работи како овластен сервисер на Volkswagen, но главниот корисник не одбрал друг сервисен партнер на Volkswagen, продажната компанија одговорна за земјата ќе стапи во контакт за да го закаже потребниот термин за сервис со соодветен сервисен партнер на Volkswagen којшто стои на располагање. Податоците се пренесуваат до соодветнатаа продажна компанија врз основа на нашиот легитимен интерес (член 6, став 1, точка f од DSGVO), заради исполнување на потребата за термин за сервис и со тоа и исполнување на корисничкото задоволство на главниот корисник.

Ги обработуваме податоците од вашите барања за термини за сервис за да ги подобриме нашите производи и деловни процеси, функционалноста за клиенти на закажувањето термини засервис, за оптимизирање на придобивките за клиентите и за коригирање на грешките на производите.

Ги анализираме гореспоменатите податоци заради подобрување производи и гарантирање на квалитетот на барањето термин за сервис и за да избегнеме прекини или доцнење во процесот за обработка на барањата. На пример, провеpуваме за грешки во префрлањето податоци до вашиот сервисен партнер (на пример, нецелосни податоци или задоцнувања во префрлањето податоци) за да ги препознаеме порано и да ги коригираме. На тој начин, можеме да ги исполниме барањата на клиентите за термини за сервис на најдобар можен начин и задоволството на клиентите со дигиталните услуги може да се зголеми.

Освен тоа, споменатите податоци се препраќаат до увозникот одговорен за вашата земја за обработка, проверка и подобрување, на пример, преку ревизии на квалитетот. Споменатите податоци се бришат по пет години.

Главниот корисник може кога сака да ја деактивира услугата „Закажување сервис“ и преносот на податоци поврзани со потребата за сервис во неговата лична сметка во веб-прелистувачот или во поставките на вашата апликација „Volkswagen“ и да го избере, измени или избрише посакуваниот комуникациски канал на претпочитаниот сервисен партнер на Volkswagen.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), кој го активирал преносот на податоците (на пример, при одредена потреба за сервис), километража, марка, модел, година на моделот, код на моторот, означувачи на менувачот, интервал на одржување, инспекциски сервис, интервал на промена на маслото, пораки за предупредување, име/презиме, посакуван комуникациски канал (телефон/е-пошта); за обработка на податоците во рамките на анализата: идентификациски број на возилото, категорија на потреба за сервис, датум на испраќање на терминот за сервис, сервисниот партнер што сте го избрале и информациите за договорениот термин за сервис. Освен тоа, соодветниот сервисен партнер ги префрла и следните податоци: идентификацискиот број на возилото, времето на отворање на записот, времето на остварување на контактот и времето на затворање на записот.

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот), ако е применливо и член 6, став 1, точка f од DSGVO (ако сервисниот партнер на Volkswagen што е избран веќе не врши дејности или веќе не работи како овластен сервисен партнер на Volkswagen); за сите други корисници на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување услуги во возилото според договорот); за обработка на податоците во контекст на анализа: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: подобрување на производите и деловните процеси и функционалноста на услугите за корисниците за барање термин за сервис; оптимизирање на користењето на корисниците; отстранување грешки во производот; водење и подобрување на процесот во продажба; зголемување на задоволството на клиентите со услугите)

**Други приматели на податоците:** сервисниот партнер на Volkswagen што го одбрал главниот корисник или продажната компанија одговорна за земјата ќе биде информирана за потребата за сервис, ако е применливо и кол-центарот на сервисниот партнер на Volkswagen или сервисниот партнер на Volkswagen ангажиран од продажната компанија (во случај на сервисен партнер на Volkswagen, кол-центарот или продажната компанија ќе ги обработува податоците само на барање и согласно упатствата на сервисниот партнер на Volkswagen); во рамките на анализата вашите податоци се пренесуваат кај CARIAD SE, Berliner Ring 2 Brieffach 1080/2, 38440 Wolfsburg, Германија (CARIAD SE ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства).

Ако главниот корисник избрал претпочитан сервисен партнер со седиште во Германија, Велика Британија, Италија, Франција, Јапонија, Ирска, Чешка, Шпанија (вклучително Канарските острови), Белгија, Швајцарија, Шведска, Полска, Данска, Финска, Норвешка, Португалија, Луксембург, Унгарија, Австрија, Естонија, Литванија, Латвија, Словенија, Романија и Бугарија, Грција, Словачка, Холандија, Украина, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Албанија, Северна Македонија или Исланд личните податоци што се обработуваат како дел од закажување сервис се обработуваат од страна на salesforce.com Germany GmbH, Erika-Mann-Straße 31, 80636 München, Германија, како обработувач во името на Volkswagen AG.

## 36. Онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник (We Connect Plus, VW Connect Plus) (достапно зависно од моделот и опремата)

Со мобилните онлајн услуги на „VW Connect Plus/We Connect Plus" главниот, дополнителниот и корисникот-гостин, како и анонимните гости на возилото на располагање имаат онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник, а не само офлајн (но, само на следниве јазици: англиски-GB, англиски-US, германски, француски, италијански, шпански, чешки, холандски, полски, португалски, шведски, дански, норвешки (зависно од моделот и опремата).

Може да се активира услугата „Гласовна контрола/гласовен помошник" преку копчето Push-to-Talk на воланот или со команда за активација за да може да се формулира барањето. И другите патници во возилото можат да ја користат „Гласовната контрола/гласовниот помошник " со помош на зборот за активација. За да можете да го користите зборот за активација, во позадината на Инфо-забавниот систем работи услуга задолжена за препознавање на зборот за активација кога ќе го изговорите. Во одредени случаи, може да се случи оваа позадинска услуга по грешка да го препознае зборот за активација.

Штом „Гласовната контрола/гласовниот помошник" се активира преку копчето Push-to-Talk или со зборот за активација, тоа ќе биде посочено на екранот на Инфо-забавниот систем со графички симбол.

Предноста на онлајн гласовната контрола/онлајн гласовниот помошник во однос на офлајн гласовната контрола е тоа што добивате подобро препознавање на гласот воопшто и можност за контрола на онлајн содржина со помош на гласот, на пример, стриминг услуги и посебни цели за навигација. Ако клиентот исто така даде согласност за обработка на податоците за локација за онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник, ќе добива резултати за навигација, може да добие информации за времето, вести, знаења, спорт, статус на лет, акции и за околината (достапно во зависност од моделот и опремата, како и во зависност од јазикот поставен во системот). Дури и без согласност, односно повлекување на согласност, онлајн гласовната контрола/онлајн гласовниот помошник сепак може да се користи до онаа мера до која дозволува договорот.

Онлајн гласовниот асистент е дополнет со ChatGPT (за јазиците: германски, англиски (GB, US), шпански и чешки) со препраќање на прашања на ChatGPT на кои онлајн гласовниот асистент не може да одговори. За таа цел, давателот на услуги Cerence GmbH проверува дали гласовното барање може да се одговори. Ако тоа не е случај, гласовното барање ќе биде препратено до ChatGPT во текстуална форма. ChatGPT испраќа одговор во текстуална форма до давателот на услуги Cerence GmbH и од него до возилото. Кога одговорот е издаден во возилото, се појаснува дали е резултат генериран од ChatGPT. Податоците за локацијата не се препраќаат до ChatGPT при обработката на гласовното барање преку ChatGPT.

Гласовните наредби на клиентот ќе се евалуираат кога сте онлајн за да може постојано да се подобрува гласовното ракување и гласовното препознавање за сите корисници. За таа цел,

тие генерално се евалуираат анонимизирано со процес на автоматизација и се испраќаат само до обучени вработени лица на нашиот давател на услуги Cerence GmbH за целите на евалуација за оптимизирање на гласовното препознавање.

Онлајн гласовната контрола/онлајн гласовниот помошник може да се деактивира во секое време во Инфо-забавниот систем. Во овој случај, гласовните податоци се обработуваат само во возилото. Исто така, препознавањето на зборот за активација може да се деактивира во Инфо-забавниот систем за да може гласовната контрола/гласовниот помошник да се активира само со копчето Push-to-Talk. Ако се користи возилото во офлајн-режим, гласовните податоци се обработуваат само во возилото (офлајн гласовна контрола).

**Лични податоци при онлајн поврзување:** Идентификацискиот број на возилото (VIN), земјата зачувана во системот или тековната позиција на возилото (ако клиентот дал согласност и за обработката на податоците за локација за онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник), избраниот јазик на инфо-забавниот систем, марката на возилото, корисничката идентификација, регионалниот код и бројот на верзијата на софтверот на инфо-забавниот систем, гласовно внесените информации и гласовните излезни информации (само за јазиците EN-US, EN-GB, DE, FR, ES, IT, CZ, NL, PL, PT, SE, DK, NO)

**Правна основа:** за главен корисник, дополнителен и корисник-гостин: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за исполнување на договорот); за опционална обработка на тековната позиција на возилото: член 6, став 1, точка a од DSGVO (согласност); за други корисници на возилото (на пример, анонимен гостин) и што се превезуваат во возилото без договор преку мобилните онлајн услуги: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимен интерес: исполнување на договорот преку мобилните онлајн услуги); евалуација на гласовни наредби преку Volkswagen AG од страна на давателот на услуги и анонимизација на гласовните наредби за натамошна анализа се спроведува во согласност со член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимен интерес: подобрување на гласовното ракување и гласовното препознавање за сите клиенти).

**Други приматели на податоци:** e.solutions GmbH, Despag-Straße 4a, 85055 Ingolstadt, Германија; Cerence GmbH, Jülicher Str. 376, 52070 Aachen, Германија. (Овие приматели ги обработуваат податоците само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 37. Стриминг и Интернет: Хибридно радио (Guide & Inform, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Како дел од функцијата „Хибридно радио", Инфо-забавниот систем препознава радио станици што се фаќаат преку радио (FM и DAB) и проверува онлајн дали има стримови или мета-податоци за овие станици. Тоа му дава можност на корисникот на возилото да слуша релевантни станици преку онлајн-стриминг ако не може да ги фати на радио во моментот.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), земјата во која се наоѓа возилото; радио-станиците што во моментот се фаќаат

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** e.solutions GmbH, Despag-Straße 4a, 85055 Ingolstadt, Германија. (Овој прималел ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 38. Стриминг и Интернет: Стриминг на медиа (We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со функцијата „Стриминг на медиа", може да се користат разни услуги за стриминг на музика директно во инфо-забавниот систем без да мора да се поврзува вашиот паметен телефон или

друг уред. За таа цел, главниот корисник мора прво да ја преземе соодветната апликација за стриминг и да ја инсталира преку продавницата во автомобилот.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), токен за автентикација за услугата на стриминг, IP-адреса

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** соодветниот давател на услугата за стриминг

За обработката на податоците во рамките на соодветната услуга за стриминг, се применува изјавата за заштита на податоците на таа услуга.

## 39. Стриминг и Интернет: веб-радио (Guide & Inform, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Во рамките на функцијата „Интернет радио", Инфо-забавниот систем ви дава на располагање тековен каталог на станици и подкасти според јазикот. Притоа, корисникот на возило има можност да слуша илјадници станици и епизоди на подкасти од разни видови преку онлајн стриминг.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), земја на актуелна геопозиција, актуелен јазик на системот, верзија на софтвер

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** e.solutions GmbH, Despag-Straße 4a, 85055 Ingolstadt, Германија. (Обата примателa ги обработуваат вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 40. Бензински станици (Guide & Inform)*

Услугата „Бензински станици" му нуди на корисникот на возило информации за бензинските станици во близина на возилото. Ќе се покажат цени зависно од примарното гориво.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Друг примател на податоци:** OPISNAVX, 16-18 rue du Quatre Septembre, 75002 Paris, Франција. (Примателот ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 41. Заклучување и отклучување (Security & Service, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со услугата „Заклучување и отклучување" може да се ракува со централното заклучување на возилото, но и кога главниот корисник не е во непосредна негова близина. Притоа, може да се провери и промени статусот на заклученост на вратите и багажниот простор преку апликацијата „Volkswagen". За безбедност, мора да се одреди S-PIN којшто ќе се внесува пред секое заклучување и отклучување. Оваа функција бара главниот корисник да го изведе процесот на идентификација Volkswagen Ident однапред.

Сите процеси на заклучување и отклучување изведени со оваа услуга, вклучително датумот и времето, моменталната километража, како и корисничката идентификација и идентификацискиот број на возилото ги чуваме во период од три (3) години. Таквото чување се базира врз нашите легитимни интереси да се усогласиме со обврската за чување евиденција согласно законите за одговорност (член 6, став 1, точка f од DSGVO).

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN); корисничка идентификација; информации дали електричните прозорци, вратите, просторот за моторот и багажниот простор се отворени или затворени и дали возилото е заклучено или отклучено; датумот и времето на заклучување и отклучување; километража

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); во поглед на историјата на заклучување и отклучување: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси)

**Други приматели на податоци:** нема

## 42. Време (Guide & Inform)*

Услугата „Време" му дава на корисникот на возилото тековни податоци за времето за актуелната локација, целната локација или за однапред дефинираните места.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација, целна локација, побараните места, избраниот јазик на инфо-забавниот систем, претпочитаната мерна единица

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Vaisala GmbH, Notkestr. 11, 22607 Hamburg, Германија. (Примателите ги обработуваат вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 43. Онлајн одредување рута (We Connect Plus, VW Connect Plus)

Функцијата за планер на рута им помага на клиентите да ја испланираат следната дестинација на патувањето, во зависност од тековната позиција, тековната ситуација во сообраќајот и претстојните термини.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), локација, посакувана дестинација, верзија на навигациски податоци, поставки за критериумите за рута, податоци за календарот, омилени дестинации

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b) од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Google Ireland Ltd., Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска (се пренесуваат само податоци за позицијата)

## 44. Legal Web App

Тековните правни текстови, како што е декларацијата за заштита на податоците, може да се видат преку „Правни прашања" во инфо-забавниот систем.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), IP-адреса, префикс на земјата и јазик

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

# Дел II Информации според локалното право надвор од ЕУ

## I. Albania

Besides, from the legal bases described in Part I the legal bases for processing personal data under Albania law is a consent given by the data subjects. The consent of the data subjects is given either by registering for the mobile online services, after they have confirmed that they have read and accepted the Privacy Policy, or by using the vehicle in knowledge of the data processing.

Data controller representative in Albania:

Porsche Albania Sh.p.k
Autostrada Tirane-Durres
Km. 3, Tirane,1051
dataprotection@porsche.al

## II. Belgium

We are legally obliged to publish mileages (km) of networked vehicles at regular intervals (usually once every quarter) on request from Car-Pass vzw. The data is retained by Car-Pass vzw in a "Car-Pass" so that relevant information about a vehicle can be provided to potential purchasers when buying and selling used cars.

**Personal data processed:** Vehicle identification number (VIN), mileage (km), time of data collection in the vehicle

**Legal basis:** Article (6)(1)(c) GDPR in conjunction with Art. 6 Act of 11 June 2004 and Article 3/1, § 2 Royal Decree of 26 August 2006

**Recipients:** Car-Pass vzw, Woluwedal 46/2, 1200 BRUSSELS, BELGIUM; D'Ieteren Automotive SA /NV, Leuvensesteenweg 639, 3071 KORTENBERG, BELGIUM; CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 WOLFSBURG, GERMANY; Audi AG, Auto-Union-Straße 1, 85057 INGOLSTADT, GERMANY (all recipients with the exception of Car-Pass vzw process data solely on our behalf and in accordance with our instructions)

## III. Bosnia and Herzegovina

In deviation from the legal bases described in Part I the legal bases for processing personal data under the law of Bosnia and Herzegovina is a consent given by the data subjects. The consent of the data subjects is given either by registering for the mobile online services, after they have confirmed that they have read and accepted the Privacy Policy, or by using the vehicle in knowledge of the data processing.

Data controller representative in Bosnia and Herzegovina:

PORSCHE BOSNA I HERCEGOVINA
Porsche BH d.o.o. Sarajevo

Porsche Inter Auto BH d.o.o. Sarajevo
BIH-71000 SARAJEVO | Bulevar Meše Selimovića 16
zastita.podataka@porschebh.ba

## IV. Japan

Personal information obtained from residents in Japan ("Personal Data") shall be handled in accordance with the following rules in addition to the rules set forth in Part I of this Privacy Policy.

**1. Purpose:** We will handle the Personal Data in accordance with the Purposes set forth in Part I of this Privacy Policy ("Purposes"), and not use Personal Data for any purpose other than such Purposes. We shall promptly notify the relevant data subjects, or disclose to the public of the Purposes (and any subsequent changes thereof), unless the Purposes have already been disclosed to the public;

**2. Collection:** We will not obtain any Personal Data through any deceptive, fraudulent, or other wrongful means;

**3. Accuracy:** We will make reasonable efforts to ensure that Personal Data handled by us is accurate and up to date and within the scope necessary to achieve the Purposes;

**4. Retention:** We will retain Personal Data in accordance with Section A.IV of Part I, and cease retention as soon as it is reasonable to assume that the Purposes are no longer being served by retention of Personal Data;

**5. Protection:** We will protect Personal Data in its possession or under its control by making reasonable security arrangements to prevent unauthorized access, collection, use, disclosure, copying, modification, disposal, damage, loss or similar risks. We will adequately supervise processing of Personal Data by our officers, employees, third party vendors and any other parties who process Personal Data on our behalf;

**6. Transfer:** Without obtaining the prior consent of the relevant data subjects, we will not transfer or provide any part of Personal Data to any individual or entity unless an exception under the APPI applies.

**7. Extraterritorial Transfer:** Without obtaining the prior consent of the relevant data subjects, we will not transfer or provide any part of Personal Data to any individual or entity located outside Japan, European Union or the United Kingdom unless (a) a transferee is located in a country or area certified by the Personal Information Protection Commission of Japan ("PPC") as having data protection standards equivalent to those of Japan or (b) the transferee has data protection standards equivalent to the standards specified by the PPC; and,

**8. Data Subject's Right:** If a data subject requests pursuant to the APPI disclosure of Purposes, access to, correction, or deletion of any of Personal Data relevant to such data subject, or lodge a complaint, we will respond to such request or complaint promptly and in accordance with the APPI. Any fee charged to data subjects shall be reasonable.

## V. Switzerland

To the extent data processing falls within the scope of the Swiss Federal Act on Data Protection (FADP), (a) the scope of "personal data" shall be determined in accordance with the FADP, and (b) references to the GDPR shall be understood as references to the FADP.

# Дел III

# Собирање податоци заради создавање анонимна база на податоци за развој на автоматизирано возење (достапно зависно од моделот и опремата)

## I. Одговорно лице

Со оваа Изјава за заштита на податоци ве информираме за собирањето, обработката и употребата на личните податоци од страна на

Volkswagen AG
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија
kundenbetreuung@volkswagen.de

регистрирана во трговскиот регистар на Основниот суд Брауншвајг под број HRB 100484 („Volkswagen AG“) при активирање на испраќањето податоци заради создавање анонимна база на податоци за истражување и развој на автоматизирано возење.

## II. Детално за обработката на податоците

Функцијата за поставување се користи за собирање на заведените мерни податоци од страна на сензорите на возилото. Овие мерни податоци се пренесуваат на серверот за податоци (видете горе, A.VII.1. Сервер за податоци) во анонимизирана форма и се користат од страна на Volkswagen и партнерите соработници заради истражување и развој на автоматизираното возење.

Мерните податоци се состојат од две групи на податоци:

**a. податоци коишто се релевантни за реконструкцијата на влијанијата врз возилото:**

• позицијата и временскиот печат на возилото:

- позицијата на возилото
- времето на мерење
- релативни податоци за движењето (на пример, вртежи на тркалата, агол на вртење, брзина и забрзување на возилото)
- податоци за погонот релевантни за движењето на возилото (на пример, вртежниот момент на погонот на моторот, бројот на вртежи, интервенција за сопирање)

• сензорни податоци за непосредната околина од следните сензори:

- сензори на камера (на пример, препознаени сообраќајни знаци, коловозни ленти, статични и динамични објекти (но без податоци од слика и видео))
- сензори на тркала (на пример, статични рефлексии од објекти, откриени динамични објекти)
- ултразвучен сензор (на пример, странична оддалеченост на објектите во близина)
- клима, дожд (на пример, температура, услови на дожд, светлина)

• препознаена состојба на сообраќајот:

- локални опасни точки (на пример, метеж, сообраќајна несреќа, дефект)
- состојба на патиштата (на пример, коефициент на триење, текот на патот)

**b. податоци релевантни за одредувањето на посакуваната контрола од страна на возачот:**

• препознаено однесување на возачот:

- управувачки движења на возачот (на пример, вртење, сопирачка, гас)
- употреба на системите на возилото кои влијаат врз возењето (на пример, вклучување, работа на системи за помош при возењето, работа на безбедносните системи)
- состојби и интервенции на функциите кои го поддржуваат возењето (на пример, интервенции од системот за контрола на возењето, активирано итно сопирање, помошник за паркирање)

Притоа, се собираат само податоците што се потребни за истражувањето и развојот на функциите на делумно или целосно автоматизирано возење. Анонимизираните мерни податоци исто така се достапни за партнерите соработници на Volkswagen врз основа на договорни принципи, кои содржат соодветни гаранции за заштита на податоците, заради истражување и развој на автоматизираното возење.

Врз основа на овие податоци, се создава симулирана средина, која овозможува тестирање на идните функции на автоматизираното возење со цел тестирање во реалистични услови, кои потоа може да се споредат со посакуваното однесување на вистинскиот возач. Со оглед дека се потребни милијарди тест-киолометри за да се развие финалното безбедно автоматизирано возење, таквата база на податоци треба да се исполни со вистински податоци. Само така може соодветно да се заведат сите варијации во состојбата на сообраќајот, за да се загарантира дека идните функции на автоматизираното возење ќе бидат сигурни и доволно безбедни за возилото секогаш да може да носи правилни одлуки и да ја заштити безбедноста на патниците.

По собирањето, податоците се испраќаат на серверот за податоци и се проверува нивниот квалитет, а потоа веднаш се анонимизираат во серверот. Податоците се чуваат таму максимум дваесет и четири (24) часа заради целите на анонимизација и гаранција на квалитетот. На крајот, оригиналните податоци целосно се бришат од возилото. Процесот на анонимизација постојано се проверува и се доразвива заради ефикасност и ефективност, земајќи ги предвид тековните научни откритија и технологија.

# III. Правна основа и легитимен интерес

Согласност за пренос на податоците од возилото (25 став 1 TTDSG), балансирање на интересите (чл. 6 став 1 точ. f од DSGVO) за чување на пренесените податоци до анонимизација.

Гореспоменатите цели за истражување, развој и заштита на функциите за автоматизирано возење може да се постигнат само со помош на значителна база на податоци од најразлични можни сообраќајни сценарија добиени за време на вистинско возење. Класичните „endurance“ тест-возења повеќе не се доволни во овој момент. Податоците мора да се состојат од што е можно поразновидни сценарија, при што околината и состојбата на сообраќајот се заведуваат како алгоритам за реален патен сообраќај. Купувањето податоци исто така не е доволно во овој момент, бидејќи податоците не се достапни во потребниот квалитет и ја губат нивната актуелност за кратко време. Од тие причини, Volkswagen има легитимен интерес во обработката на податоците и создавањето анонимна база на податоци.

# IV. Почеток и времетраење на собирањето податоци

Преносот на податоци не се активира фабрички, туку започнува само со регистрација на активен „We Connect"/„VW Connect" главен корисник во возилото, под услов да дал согласност (25 став 1 од TTDSG) за пренос на податоците од возилото. Регистрираниот корисник може да ја даде оваа согласност на порталот „MyVolkswagen" и да ја повлече таму подоцна ако е потребно. Обработката на лични податоци за целите на последователна анонимизација се заснова на правната основа за балансирање на интересите (чл. 6 став 1 точ. f од DSGVO). Поставувањето податоци е активно само во секциите „Користи ја моменталната локација" и „Споделување локација". Со користење на лизгачот „Развој на автоматско возење ", поставувањето на податоците може да се активира или деактивира во возилото, во делот за поставките за приватност; согласноста не се повлекува.

# V. Примател на податоци

## 1. Сервер за податоци

Податоците се обработуваат само на серверите на следните даватели на услуги во наше име и согласно нашите упатства:

CARIAD SE
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија

Audi AG
Auto-Union-Straße 1
85057 Ingolstadt
Германија

Microsoft Ireland Operations Limited
One Microsoft Place
South County Business Park
Leopardstown
Dublin 18
D18 P521
Ирска

Во Microsoft, податоците се шифрирани согласно договорите склучени со нас и се обработуваат исклучиво на сервери за податоци во ЕУ. Бидејќи Microsoft е со седиште во Соединетите Американски Држави, не може да се исклучи (читањето на и) пристапот до податоците од САД. За преносот на личните податоци до обработувачите во трети земји се склучени соодветните стандардни договорни клаузули на ЕУ со цел задоволителна заштита на вашите лични податоци. Употребените стандардни договорни клаузули на ЕУ на веб-страницата на Европската Комисија на адресата https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32021D0914.

## 2. Даватели на услуги за ИТ-поддршка

Користиме и разни даватели на услуги за информатичка технологија. Тие нè поддржуваат, на пример, преку одржување на нашите информатички системи и ни овозможуваат техничка

поддршка. Кога давателите на услуги имаат пристап до личните податоци, ти ги обработуваат само на наше барање и согласно нашите упатства. ИТ-поддршката се добива од следниве даватели на услуги:

Volkswagen Group Service
Bunsenstraße 5
85053 Ingolstadt
Германија

diconium digital solutions GmbH
Rommelstraße 11
70376 Stuttgart
Германија

Volkswagen Infotainment GmbH
Rensingstraße 15
44807 Bochum
Германија

# VI. Вашите права

Можете во секое време да се повикате на вашите права во однос на Volkswagen AG без надоместок. Тоа се однесува и до мерата во која заедно со другите компании сме одговорни за обработката на податоците. Повеќе информации за искористувањето на вашите права можете да најдете на веб-страницата https://datenschutz.volkswagen.de/.

## 1. Право на добивање информации

Имате право да побарате од нас потврда за тоа дали и – ако да – кои лични податоци за вас ќе бидат обработувани и на кои трети страни ќе бидат испратени во рамките или надвор од рамките на ЕУ. Освен тоа, имате право и да добиете копија од вашите лични податоци што сме ги обработувале.

## 2. Право на корекција

Имате право да побарате корекција на неточните или нецелосните лични податоци што се однесуваат на вас.

## 3. Право на бришење

Имате право да побарате бришење на вашите податоци ако не се исполнети условите наведени во член 17 од DSGVO. Потоа, можете, на пример, да побарате бришење на вашите податоци ако повеќе не се потребни за целите за коишто биле собрани. Можете и да побарате бришење на податоците ако ги обработуваме врз основа на вашата согласност со тоа што ќе ја повлечете таа согласност.

## 4. Право на ограничена обработка

Имате право да побарате ограничена обработка на вашите податоци ако се исполнети условите во член 18 од DSGVO. Таков случај може да биде, на пример, кога ја оспорувате прецизноста на вашите податоци. Потоа, можете да побарате ограничување на обработката за времетраењето на верификацијата на прецизноста на вашите податоци.

### 5. ПРАВО НА ПРИГОВОР

**Имате право да поднесете приговор против обработката на вашите лични податоци во следните случаи:**

- **ако обработката се изведува за целите на директен маркетинг (вклучително профилирање за целите на директен маркетинг).**
- **ако обработката (вклучително профилирањето) се заснова врз една од следните правни основи:**
  - **обработката е потребна за изведба на задача која е од јавен интерес или со која нè задолжиле официјалните власти (член 6, став 1, точка е од DSGVO).**
  - **Обработката е неопходна за заштита на нашите легитимни интереси или интересите на трета страна (член 6, став 1, точка f од DSGVO). Во случај на приговор, ќе побараме од вас да ги наведете причините за таквиот приговор кон обработката на податоците. Во случај на приговор, веќе нема да ги обработуваме вашите податоци, освен ако можеме да докажеме убедливи легитимни основи за обработка кои ги надминуваат вашите интереси, права и слободи или обработката служи за потврдување, остварување или одбрана на правни побарувања.**

### 6. Право на преносливост на податоците

Ако обработката на податоците се заснова врз согласност или исполнување договорни обврски и тоа се изведува преку автоматизиран процес, имате право да ги добиете вашите податоци на структуриран и вообичаен формат, којшто може да се чита машински, но и право да ги пренесете кај друго одговорно лице. Освен тоа, имате право да побарате вашите лични податоци да ги испратиме директно кај друго одговорно лице.

### 7. Право на повлекување

Ако обработката на податоците се заснова врз согласност, имате право да ја повлечете согласноста бесплатно кога било со ефект во иднината преку е-пошта на info-datenschutz@volkswagen.de (Германија), privacy@volkswagen.de (надвор од Германија), преку нашиот портал за заштита на податоци на Volkswagen https://www.datenschutz.volkswagen.de или преку податоците за контакт наведени во „Импресум“.

Покрај тоа, можете да ја отповикате вашата согласност во секое време во вашата корисничка сметка на Volkswagen ID во „MyVolkswagen“.

### 8. Право на жалба

Имате право да поднесете жалба кај надзорните органи (на пример, Државната агенција за заштита на податоците во Долна Саксонија или надзорните органи каде што вие живеете) во врска со нашата обработка на вашите податоци.

## VII. Ваше лице за контакт

### 1. Лице за контакт за повикување на вашите права

Лицето за контакт за повикување на вашите права и дополнителни информации ќе го најдете на следната веб-страница https://datenschutz.volkswagen.de/.

## 2. Службено лице за заштита на податоците

Нашето службено лице за заштита на податоците ви стои на располагање како лице за контакт во врска со прашањата за заштита на податоците:

Службено лице за заштита на податоците на Volkswagen AG
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија
dataprivacy@volkswagen.de